епублика Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 12-19
26.07.2018 год.
ГРАДСКО

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
ОПШТИНА ГРАДСКО
05.11.2018 год. по овластување на ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ГРАДСКО**
**Бр. 12-19**
**26.07.2018 год.**
**ГРАДСКО**

Градоначалникот на Општина ГРАДСКО - ГРАДСКО, решавајќи по барањето на инвеститорот Општина Градско, од Градско ул.Александар Македонски 70/а Градско,, поднесено под број 12-19 од 16.02.2018 година, за издавање на Одобрение за градење од Втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018), а во врска со член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Р.М." бр. 124/2015), на ден 26.07.2018 го издава следното:

**Одобрение за градење**

На инвеститорот Општина Градско, од Градско ул. Александар Македонски бр.70/а Градско, му се одобрува Реконструкција на партерно уредување на дел од улица Александар Македонски - градба од Втора категорија, во населба Градско, во општина ГРАДСКО (или КП бр. КП. бр. 1371 на ИЛ. бр. 372 ,КП. бр. 1370 на ИЛ. бр. 1288, КП. Бр. 1119/1 на ИЛ. бр. 1387, , сите во КО Градско во делница со стационажи како во Основниот проект).

Одобрение за градење се издава за целата градба.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Се задолжува инвеститорот, по завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба, да побара овој орган да му издаде одобрение за употреба на истата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот/инвеститорите Општина Градско, поднесе барање бр. 12-19 од 16.02.2018 година, за издавање на Одобрение за градење за Реконструкција на партерно уредување на дел од улица Александар Македонски - градба од Втора категорија, на Улица Александар Македонски , населба Градско, општина Градско.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Основен проект со техн. бр. Г- 243/2017 изработен од ЕУРО РОАД ДИЗАЈН - Скопје,

2. Ревизија на основниот проект со бр. Р 12 - 618/17 од извршена од ВЕИНГ дооел, експорт импорт Скопје

3. Доказ за право на градење -имотен лист со запишано право на сопственост на единица на локална самоуправа Општина Градско,

4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, изработен од ТДГР ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР ДООЕЛ Кавадарци под дел број 0802-40 од 13.02.2018 година,

5. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење **Ослободен од плаќање на административна такса** согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси и

6. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште **Ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.**

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење од: Агенција за електронски комуникации, Евн КЕЦ Велес, Министерство за Внатрешни работи, ЈКП Клепа

Врз основа на горе изнесеното, Општина ГРАДСКО – ГРАДСКО одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**
Против ова одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот за транспорт и врски.

**Изработил и**
**Одобрил: Ацо Атанасов**

Градоначалник на
**Општина Градско**

**Роберт Бешовски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**Архива**
**Општина Градско,**